Јавно претпријатие за стопанисување на
јавно осветлување на општина Аеродром

Бр.02 - 2612
09 -03- 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 27 став 3 и став 5 од Законот за јавните п ретпријатија („Службен весник на РСМ бр.38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15. 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19 и 89/2022) и член 34 став 3 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром" бр. 12/22), Надзорниот одбор на својата 3-та седница одржана на ден 09.03.2023 година го донесе следното

МИСЛЕЊЕ

1. Се прифаќа Годишната/завршна сметка за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром за 2022 година

2. Мислењето да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром, до Министерство за финансии и Министерство за транспорт и врски.

Надзорен одбор за контрола на
Материјално-финансиско работење
на ЈП на општина Аеродром
Претседател

Ненад Јовановски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 01-27/2
09-03-2023 год.
СКОПЈЕ

Управниот одбор на ЈП за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром на предлог на В.Д Директорот на ЈП, а врз основа на член 26, точка 4 од Статутот на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, и согласно член 19, точка 4 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22) на својата седма редовна седница одржана на ден 09.03.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за донесување на Годишна сметка за работата на ЈП за стопанисување на јавно осветлување за 2022 година

1. Со оваа Одлука се дава согласност за Годишната/завршна сметка на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, за 2022 година.
2. Составен дел на одлуката е Годишната/завршна сметка, за 2022 година.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Вкупните приходи на ЈП за стопанисување на јавно осветлување за 2022 година се во износ од 6.581.293,00 денари.

Расходите за електрична енергија се во износ од 6.390.013 денари, овој трошок е најголема компонента во вкупните расходи.

Расходите за останатите трошоци кои се настанати како резултат од тековното работење, односно вршење на деловните активности на јавното претпријатие, обврски за плати, придонеси, услуги од други (сметководствени услуги, адвокатски и нотарски услуги), матријални трошоци за административно работење (печати и др.), банкарски трошоци (провизии) се во износ од 345.500денари за 2022 година.

Претседател на Управен одбор

Николче Златевски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

| Примено: | 15 -03- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 05 | 32/1 | / | / |

ЕМБС: 07595360
Целосно име: Јавно претпријатите за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром Скопје
Вид на работа: 450
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2022

Листа на прикачени документи:
Објаснувачки белешки и други прилози

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 36 | - - Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059) | 1.053.707,00 | | | |
| 59 | - - V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061) | 1.053.707,00 | | | |
| 60 | - - Парични средства | 1.053.707,00 | | | |
| 62 | - - VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 2.308.145,00 | | | |
| 63 | - - ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062) | 3.361.852,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 65 | - - ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078) | 0,00 | | | |
| 66 | - - I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА | 154.220,00 | | | |
| 78 | - - X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА | 154.220,00 | | | |
| 81 | - - Б. ОБВРСКИ (082+085+095) | 2.308.145,00 | | | |
| 95 | - - IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108) | 2.308.145,00 | | | |
| 97 | - - Обврски спрема добавувачи | 2.308.145,00 | | | |
| 110 | - - VI. ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ) КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА | 1.053.707,00 | | | |
| 111 | - - ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110) | 3.361.852,00 | | | |

## Биланс на успех

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 201 | - - I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206) | 6.581.293,00 | | | |
| 203 | - - Останати приходи | 6.581.293,00 | | | |
| 207 | - - II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222) | 6.735.513,00 | | | |
| 208 | - - Трошоци за суровини и други материјали | 6.394.713,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 212 | - - Останати трошоци од работењето | 58.741,00 | | | |
| 213 | - - Трошоци за вработени (214+215+216+217) | 282.059,00 | | | |
| 214 | - - Плати и надоместоци на плата (нето) | 185.888,00 | | | |
| 215 | - - Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата | 17.192,00 | | | |
| 216 | - - Придонеси од задолжително социјално осигурување | 78.979,00 | | | |
| 247 | - - Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244) | 154.220,00 | | | |
| 251 | - - Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248) | 154.220,00 | | | |
| 256 | - - НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254) | 154.220,00 | | | |
| 257 | - - Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ) | 1,00 | | | |
| 258 | - - Број на месеци на работење (во апсолутен износ) | 7,00 | | | |
| 259 | - - ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД | -154.220,00 | | | |
| 262 | - - Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното друштво | 154.220,00 | | | |
| 270 | - - Загуба за годината | 154.220,00 | | | |
| 272 | - - Останата сеопфатна загуба (274+276+278+280+282+284) - (273+275+277+279+281+283) | 0,00 | | | |
| 287 | - - Нето останата сеопфатна загуби (285-271) или (272+285) | 0,00 | | | |
| 291 | - - Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269) | 154.220,00 | | | |
| 292 | - - Сеопфатна загуба која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво | 154.220,00 | | | |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 629 | - - Останати побарувања од органи на законодавна, извршна и судска власт, ФПИОСМ,ФЗОРСМ,АВРСМ, единици на локална самоуправа и други правни лица финансирани од буџет (< или= АОП 034+АОП 035+АОП 047+АОП 049+АОП 051+АОП 062 ОД БС) | 2.308.145,00 | | | |
| 631 | - - Основна главнина (сопственички капитал) во удели поседувани од други трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата (< или =АОП 065 од БС) | 154.220,00 | | | |
| 635 | - - Обврски по основ на набавка на стоки и услуги и аванси (краткорочни трговски кредити) примени од нефинансиски трговски друштва во приватна и државна сопственост и јавни препријатија во земјата(< или =АОП 096+АОП 097+ АОП 098+АОП 108 ОД БС) | 2.308.145,00 | | | |
| 657 | - - Приходи од премии, субвенции, дотации и донации (< или = АОП 203 од БУ) | 6.581.293,00 | | | |
| 674 | - - Материјал за чистење и одржување (< или = АОП 208 од БУ) | 4.700,00 | | | |
| 676 | - - Потрошена електрична енергија (< или = АОП 208 од БУ) | 6.390.013,00 | | | |
| 711 | - - Надомест за банкарски услуги (< или = АОП 212 од БУ) | 5.685,00 | | | |
| 717 | - - Останати трошоци на работењето (< или = АОП 212 од БУ) | 53.056,00 | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **722** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 1,00 | | | |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Нето за тековна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Претходна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **2314** | - 43.21 - Електроинсталатерски работи | 6.581.293,00 | | | |

**Потпишано од:**

Biljana Vlastimirova

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

Јавно претпријатие за стопанисување на
јавно осветлување на општина Аеродром

Бр. 02-25/1
09-03-2023 202 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 27 став 3 и став 5 од Законот за јавните п ретпријатија („Службен весник на РСМ бр.38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15. 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19 и 89/2022) и член 34 став 3 од Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром" бр. 12/22), Надзорниот одбор на својата 3-та седница одржана на ден 09.03.2023 година го донесе следното .

# МИСЛЕЊЕ

1. Се прифаќа Годишниот извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром за 2022 година

2. Мислењето да се достави до Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром, до Министерство за финансии и Министерство за транспорт и врски.

Надзорен одбор за контрола на
Материјално-финансиско работење
на ЈП на општина Аеродром
Претседател

Ненад Јовановски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

Јавно претпријатие за стопанисување на
јавно осветлување на општина Аеродром
Бр. 01-27/1
09-03-2023 год.
Скопје

Управниот одбор на ЈП за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром на предлог на В.Д Директорот на ЈП, а врз основа на член 26, точка 4 од Статутот на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, и согласно член 19, точка 4 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22) на својата седма редовна седница одржана на ден 09.03.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## за донесување на Годишен извештај за работата на ЈП за стопанисување на јавно осветлување за 2022 година

1. Со оваа Одлука се дава согласност на Годишен извештај за работата на ЈП за стопанисување на јавно осветлување, за 2022 година.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територијата на општина Аеродром. Вкупните трошоци се во износ од 6.390.013,00 денари за 2022 година. Овој трошок е најголема компонента во вкупните трошоци.

Останатите трошоци – Во оваа група се класифицираат трошоците кои се настанати како резултат од тековното работење, односно вршење на деловните активности на јавното претпријатие, обврски за плати, придонеси, услуги од други ( сметководствени услуги, адвокатски и нотарски услуги), матријални трошоци за административно работење (печати и др.) и банкарски трошоци (провизии) се во износ од 345.500,00 денари за 2022 година.

**Вкупните трошоци за 2022 година се во износ од 6.735.513,00 денари .**

Претседател на Управен одбор
Николче Златевски

Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЗА 2022 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Согласно Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 9/97, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19 и 89/2022) и Статутот на Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром („Службен гласник на општина Аеродром" бр. 12/22), потребно е да се изготви и достави Годишен извештај за работењето на Јавното претрпријатие.

## II. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Заради континуирано, организирано и квалитетно поставување и одржување на јавно осветлување, под што се подразбира набавка на електрична енергија, изградба и одржување на јавното осветлување и сервисирање на електричната мрежа за уличното осветлување на подрачјето на општина Аеродром, со Деловоден бр. 30120220016329 на 06.06.2022 година, во Централен регистар на Македонија, одобрена е пријавата за регистрирање на Јавно претпријатие за стопанисување на јавно осветлување на општина Аеродром, Скопје (ЈП на општина Аеродром – Скопје).

Јавното претпријатие обезбедува висок квалитет на извршените услуги и доследно ги почитува принципите за сигурност, континуитет, транспарентнос, достапност и заштита на корисниците и потрошувачите.

## III. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Јавното претпријатие за стопанисување со јавно осветлување на општина Аеродром ја следи состојбата со уличното осветлување и навремено превзема мерки за подобрување на состојбата.

Се вршат и ноќни редовни контроли за согледување на состојбите и отстранување на утврдените дефекти, односно доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Редовното одржување и утврдувањето на дефекти на улично осветлување и проширување на уличното осветлување на места каде што ќе се јави потреба, се изведува преку поднесување на барања од страна на граѓаните во просториите на Јавното претпријатие, доставување на барање на е-пошта jp.sjo@aerodrom.gov.mk, пријавување по смс (24 часа) или со телефонски повик (од 07.30 до 15.30) на тел. број 072 270 - 886 , како и преку урбаните заедници во општина Аеродром.

Имено, од септември 2022 година интервенирано е на околу 90 позиции, односно се отстрануваа дефекти на Бул.Јане Сандански бр.9, Ул.Тодор Чангов пред пекара "Величковски", Горно Лисиче ул.21 бр.22, Ул.Богомилски Поход во ТС1162, ул.Тодор Чангов во решеткаста ТС, ул.Мите Богоевски бр.6, Реонски Центар ул.1613 , Реонски Центар ул.1612, Реонски Центар ул.1612 згр.бр.1 и бр.3, ТС Населба Лисиче 3 бр.246, ТС Аеродром 16 бр.569, Долно Лисиче ул.1 пред амбуланта, Долно Лисиче ул.1 спроти замокот, Долно Лисиче ул.1 куќа бр.13, ул.Божин Николов Силни куќа бр.120, Бул.Јане Сандански позади градинка "Бамби", ул.Михаил Глинка куќа бр.10, ул.Божидар Рајковиќ куќа бр.41, О.У Блаже Конески во двор покрај ул.Венијамин Мачуковски , О.У Блаже Конески во ормар ,ул.Васко Карангелески позади Кам Маркет, Бул.Јане Сандански исклучување, ул.Фрањо Клуз згр.бр.21, Бул.Јане Сандански згр.бр.36, Бул.АСНОМ позади згр.бр.36, Горно Лисиче О.У Гоце Делчев во дворот пред влез и на стаза, Долно Лисиче ул.20 до ТС 101295, Долно Лисиче ул.18 бр.3, ул.Србија 1 до ТС 101370, О.У Љубен Лапе пред влез, ул.Коста Новаковиќ до ТС Аеродром 4 бр.214, Парк на светлината ормар, ул.Петар Ацев пред згр.бр.20, ул.Мите Богоевски пред куќа бр.35, ул.Ѓорѓи Капчев ул.27А, ул.Тодор Чангов 50 куќа бр.23, ул.Тодор Чангов 32 куќа бр.10, ул.Божин Николов Силни куќа бр.60, ул.Тодор Чангов 20 бр.4, ул.Тодор Чангов 24 до ТС , Долно Лисиче ул.18 куќа бр.2, ул.Фрањо Клуз меѓу зградите на "Елена Лука", Бул.АСНОМ бр.16 во ТС Ново Лисиче 12 бр.969, ул.Анастас Митрев во ормар до ТС 222, ул.Петар Ацев згр.бр.25, ул.Петар Ацев во ормар до улично до ТС Вардар 5 бр.232, бул.Трета Македонска Бригада, ул.Руди Чајавец бр.21, ул.Митре Влаот , ул.Гаврил Константиновиќ куќа бр.34Б, ул.Србија 1 пред ТС , ул.Тодор Чангов 41 ,ул.Божин Николов Силни бр.69 и бр.71, ул.Симеон Кавракиров спроти ресторан "Рулет", позади "Капитол Мол" во ормар, Реонски Центар ул.1611 , ул.Мите Богоевски 7 бр.3, Долно Лисиче ул.20 бр.24, ул.Србија бр.1 ормар, ул.Мите Богоевски 8, ул.Коста Новаковиќ згр.бр.39, Бул.АСНОМ стаза од О.У Ѓорѓија Пулевски до згр.бр.34 и Бул.АСНОМ згр.бр.98 во парк.

Во табелата што ја даваме во продолжение, описно е прикажано кои активности биле превземени за санација на дефектите на погоре наведените локации.

| Р.бр. | ОПИС | Ед. Мерка | Количини |
|---|---|---|---|
| 1. | Набавка, транспорт и монтажа (полагање) на кабел PPOO-A 4 x 16 $mm^2$ (1KV) во ров | м | 60 |
| 2. | Изработка на суви кабловски завршници за сите пресеци на каблови | парче | 21 |
| 3. | Демонтажа на дотрајан (оштетен) столб заедно со светилката | парче | 6 |
| 4. | Набавка и монтажа на топлопоцинкуван двостепен столб со H = 4,5m (долниот дел со височина h=1 - 1.5m со ф 130-ф 140 / дебелина 3,5 -4,мм и горен дел со висина h=3 - 3,5м со ф60/ дебелина 2-3мм, ожичен со едно парче кабел PPOO 3 x 1,5$mm^2$-l8m, топлопоцинкуван и во се согласно TS 914,EN ISO - 1461 и важечките стандарди за метални столбови,VDE,EN со сите потребни тест извештаи . | парче | 1 |
| 5. | Набавка, транспорт и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 70W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектор од високо ефикасен алуминиум. Степен на заштита на светилката е IP 66 и на предспој. Прилагодлива на постоечки столбови. (ф60мм, ф76мм и др.) | парче | 3 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | Набавка, транспорт и монтажа на улична светилка од алуминиумско куќиште тип, комплет со сијалица – натриум висок притисок од 150W, со капа од калено стакло IK 09. Рефлектор од високо ефикасен алуминиум. Степен на заштита на светилката е IP 66 и на предспо. Прилагодлива на постоечки столбови. (ф76мм и др.) | парче | 3 |
| 7. | Набавка, транспорт и монтажа на осигурачи NVO 160/63 A | парче | 2 |
| 8. | Набавка, транспорт и монтажа на разводно ормарче комплет со изолирани разводни клеми и топлив осигурач D01/ E14 со патрон од 10A и постоље 16A или еквивалент, со транспарентен капак за монтажа внатре во столб со соодветна заштита минимум ИП54 или еквивалент | парче | 3 |
| 9. | Изработка на PAJXEM спојница на разни типови на кабел | парче | 2 |
| 10. | Набавка, транспорт и полагање на самоносив кабел X00/0 A 2x16 $mm^2$ на дрвени и бетонски столбови од H=9m | M | 241 |
| 11. | Набавка, транспорт и монтажа на затегачи за самоносив кабел | парче | 14 |
| 12. | Набавка, транспорт и монтажа на импрегриран дрвен столб со висина од 9м, ф220-ф240мм во долен дел и ф160-ф180мм во горен дел. | парче | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13. | Ископ на дупки во земја III категорија за дрвени столбови, Ф300 - Ф400 мм, со длабочина од 1,5 м, комплет со затрупување, набивање и одвоз на вишокот земјан материјал на депонија по завршување на работите. | парче | 6 |
| 14. | Набавка, транспорт и монтажа на еднокрака лира (одмастена пред фарбање, заштитена со минимум и обоена со двослојна завршна боја, боја по избор на инвеститор) за челичен столб столб, со должина од 0,5м до 1,5м , со димензија на редуцир ф89/ф76/ф60мм во долен (насаден) дел и ф60мм во горен (кос) дел, комплет со 4 штрафа м8. Агол или нагиб на лирата од 15°. | парче | 2 |
| 15. | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 70W | парче | 33 |
| 16. | Набавка, транспорт и монтажа на Натриумова сијалица VT 150W | парче | 6 |
| 17. | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 70W | парче | 15 |
| 18. | Набавка, транспорт и монтажа на Пригушница VT 150W | парче | 2 |
| 19. | Набавка, транспорт и монтажа на Игнитор упаљач 70-400W | парче | 37 |
| 20. | Набавка, транспорт и монтажа на Фасонки Е-27 порцелански | парче | 3 |
| 21. | Набавка, транспорт и монтажа на кабел PGP 3x1,5 mm | М | 30 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 22. | Набавка, транспорт и монтажа на Автоматски осигурач 6 - 25 А | парче | 9 |
| 23. | Набавка, транспорт и монтажа на Комбинирани Al-Cu спојници 36-35 mm | парче | 44 |
| 24. | Набавка, транспорт и монтажа на вградлив уред со целокупна опрема за напојување на ЛЕД светилки. Влезен напон 120-277 V, Излезен напон 25-75V, Излезна струја 0,35-1,2А, Максимална излезна моќност 75W. Слична на претходно монтираните (за јавни зелени површини во Јане Сандански и Ново Лисиче) | парче | 3 |

Набавката и монтажата на материјалите се врши согласно Законот за јавни набавки. Изборот на најдобар понудувач за одржување на јавно осветлување го врши Комисијата за јавни набавки на јавен оглас.

## IV. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во насока на заштеда на електрична енергија, а следејќи ги препораките за надмининување на кризата со електрична енергија, општина Аеродром и Јавното претпријатие од 1 септември донесоа пакет на мерки за штедење на електрична енергија.

Имено, се работи за мерки со кои драстично се намали потрошувачката на електрична енергија и значително придонесуваат за полесно надминување на енергетската криза во Македонија и сериозниот удар што таа го нанесе врз општинскиот буџет, односно престанок со работата на сите фонтани и исклучување на внатрешното и надворешното осветлување, редуцирано осветлување во парковите на територијата на општината, редуцицирање на уличното осветлување на сервисните улици со кое стопанисува општината, односно работење преку една светилка гасење 2 часа порано од вообичаеното, рефлекторите на спортските игралишта престанаа со работа од 1 октомври.

Во продолжение табеларен приказ на заштеда во kWh со компарација септември – ноември 2021/септември – ноември 2022 година:

| **Разлика/заштеда во потрошената електрична енергија за јавно осветлување Компарација септември – декември 2021/септември – декември 2022** | | | |
|---|---|---|---|
| **Месец** | **Година** | **KWh** | **Разлика kWh** |
| Септември | 2021 | 222,621 | 80,999 |
| | 2022 | 141,622 | |
| Октомври | 2021 | 260,303 | 136,993 |
| | 2022 | 123,310 | |
| Ноември | 2021 | 259,175 | 133,773 |
| | 2022 | 125,402 | |
| Декември | 2021 | 277,403 | 140,885 |
| | 2022 | 136,518 | |
| **Вкупно: 492,650 kWh** | | | |

Согласно прикажаната табела, сведоци сме дека во време на најголемата енергетска криза, јавното претпријатие и општина Аеродром направиле заштеди од 492,650 kWh што по цената на hupx – берзата во овој период од 2022 година, претворено во пари би чинело повеќе од **10.000.000, денари**, што значи дека овие средства се заштеда во Буџетот на општина Аеродром само од јавното осветлување и дополнително на ова додадени средствата заштедени по основ на преминот на регулиран пазар и користење на регулирана цена која беше во висина од 13.8204 за висока тарифа и 10.1348 за ниска тарифа.

Понатаму, согласно законските прописи во месец септември со формирањето на Јавното претпријатие за стопанисување на јавно осветлување, 200 броила преминаа на стопанисување на претпријатието, односно почитувајќи го член 3 став 1 алинеја 36 од Законот за енергетика во кој е наведено дека „мал потрошувач" на електрична енергија е субјект чиј просечен број на вработени во последните две пресметковни години е помалку од 50 вработени и има вкупен годишен приход помал од два милиони евра во денарска противвредност, со исклучок на производителот

на електрична енергија и операторот на системот за пренос и системот за дистрибуција на електрична енергија односно природен гас и по исполнување на горенаведените услови како мали потрошувачи, броилата премина на регулиран пазар и во моментов се снабдуваме по регулирана цена која е во висина од 13.8204 за висока тарифа и 10.1348 за ниска тарифа.

Трошок за откуп (плаќање) на електрична енергија во 2022 година – Овој трошок претставува главна компонента за да се направи откуп (плаќање) на електрична енергија со цел да се сервисира јавното осветлување на територијата на општина Аеродром и е во износ од **6.390.013,00 денари** за месеците септември, октомври и ноември 2022 година, а за месец декември 2022 година изнесува **2.298.145,00 денари**, кое плаќање е извршено во месец јануари 2023 година по пристигнување на сметката.

Септември – **2.266.688,00 денари**

Октомври – **2.010.555,00 денари**

Ноември – **2.112.770,00 денари**

Декември – **2.298.145,00 денари (сервисирана во месец јануари)**

**Скопје, 2023 година**

**ЈП на општина Аеродром**

**В.Д. Директор**

**Благоја Грујиевски**

Јавно претпријатие за стопански дејности на општина Аеродром Скопје осветлување